# Златна бубамара на популарноста со изненадување



*Лани дует-изненадување: Владо и Каролина*

Осмата по ред "Златна бубамара на популарноста" ќе се одржи на 12 или на 15 февруари во Универзалната сала. Статуетките за најпопуларните на естрадата се подготвуваат, а организаторот и сопственик на радио "Бубамара", Ранко Петровиќ, ги држи деталите за шоуто во тајност. "Ќе ви кажам само дека оваа година подготвуваме големо изненадување, вели Ранко. Гостите ќе ги држиме во тајност до самиот крај за да не ѝ го расипеме доживувањето на публиката".

Ланското издание на "Бубамара" беше едно од најинтересните во седумгодишниот стаж на наградување. Заедно настапија Гаро Тавитјан и Дадо Топиќ, а Тоше Проески испеа дует со Аки Рахимовски. Владо Јаневски за прв пат се појави да подигне награда, промовирајќи го дуетот со Каролина "Љубовта е моја религија". Гостуваше и Масимо Савиќ. **(М.Џ.)**



# "Убава" на Ѓорѓи со спот

Вториот албум на Ѓорѓи Крстевски ќе излезе за еден месец. Цедето, што ќе се вика "Засекогаш", е на печатење во Австрија. На него ќе има десет песни и една бонус. Ѓорѓи и неговиот тим решија на албумот да се најде и "Убава", песната којашто Крстевски ја промовираше на Скопскиот фестивал со етносоставот "Монистра". Изгледа дека "Убава" ќе биде првиот сингл со спот што ќе го најави албумот.

По неговата промоција, Ѓорѓи ќе ги препее песните на бугарски и на руски јазик. **(М.Џ.)**

# Македонските ѕвезди за настраданите од цунами

Утревечер во 20.30 часот на плоштадот Македонија во Скопје ќе се одржи хуманитарен концерт за помош на настраданите од цунами. Свој пејачки придонес ќе дадат Бени од "Нон-стоп", Влатко Стефановски, Александра Пилева, Мартин Вучиќ, "Морал", Елена Ристеска, Ламбе, "Фор плеј", Марјан Стојановски, финалистите од последната потрага по нова ѕвезда, Виолета Томовска, Тамара, Врчак, Билбилов, Ѓорги Крстевски, Маја Саздановска и многу други наши естрадни ѕвезди. МТВ, на својата втора програма, на една минута по полноќ, па да крајот на денот ќе има вклучени хуманитарни телефонски линии на кои ќе одговараат познати личности, како Калиопи, Тоше, Гаџа, кои ќе помогнат во акцијата со аукција на делови од нивната гардероба. **(В.М.)**